


ЕДОГОДИШНА СЕРТИФИКАЦИОНА ПРОГРАМА ЗА ФИНАНСИСКА СПЕЦИЈАЛИЗАЦИЈА

# Certified Compliance Specialist

Програмата се одвива врз база на серија предавања од областа на Усогласеноста (Compliance) со презентација на стручна литература и презентација на пракса при воспоставување на оваа функција. Во текот на програмата ќе се направи проценка на здобиеното знаење на слушателите од овој основен модул преку тестови и изработка на проекти – т.н. Студии на случај (Case studies) од страна на слушателите. Програмата ќе обезбеди определување на терминот усогласеност („Compliance“) и службеник на усогласеност („Compliance Officer“), идентификување на основната улога на оваа професија во институциите, идентификување на основниот ГАП (GAP) меѓу целокупната регулатива и одредени групациски стандарди. Исто така ќе обезбеди основни насоки за обезбедување на адекватно ниво на информации за идните и сегашните професионалци со цел усогласување со барањата на домашната и на странската регулатива.

**Целна група:** вработени во банките и финансиските институции, како и во останатите приватни и јавни друштва и организации кои директно или индиректно работат со усогласено работење (ново), вработени во одделите за усогласување, директори/раководители на сектори/филијали, членови на повисок менаџмент.

**Напомена:** Програмата е акредитирана од Министерството за образование и наука на Република Македонија, во соработка со Школата за контролинг од Љубљана, Контролинг Академијата од Минхен и Retail банкарската академија од Лондон.

## ЦЕЛИ НА СПЕЦИЈАЛИЗАЦИЈАТА

- да се запознаат со основите на Compliance и да ги идентификуваат Compliance ризиците;

- да ја разберат улогата и функцијата на Compliance Officer;

- да ја детерминираат основната рамка на воспоставување на оваа функција во рамките на организацијата во која работат.

- да се запознаат со основите на функцијата Compliance, одговорности, права и обврски

- да се запознаат со начинот на организација и управување со функцијата Compliance преку теоретска и практична примена;

- да се запознаат со начин на креирање/контрола и улога на Compliance Officer во изработка на интерни акти и политики на институцијата;

- да се запознаат со основите на бизнис етиката на оваа функција, воспоставување на Compliance култура и генерално Кодекс на етика, судир на интереси, корпоративно управување

- да се запознаат со основите на функцијата Compliance, одговорности и обврски во рамките на банката (следење на законска и подзаконска регулатива, поважни информации)

- да се запознаат со функцијата за спречување на перење пари и финансирање на тероризмот

- да се запознаат со останатите функции и активности кои спаѓаат во рамките на оваа функција согласно најдобрите меѓународни практики – FATCA, заштита на лични податоци, кодекс на етика, грижа за корисници, соработка со надлежни институции (focal point) итн.

- обврски од и кон Управниот и Надзорниот одбор, соработка со другите сектори, репортинг

- обврска за спроведување теренски контроли, мониторинг на исполнување препораки од надлежни институции



## НА КРАЈОТ НА СПЕЦИЈАЛИЗАЦИЈАТА ДОБИВАТЕ:

- **32 бодови / ECVET**- European Credit points for Vocational Education and Training (Европски кредит поени за стручно образование и наука или КПУ - континуирано професионално усовршување бодови) согласно Европската рамка за квалификации на годишно ниво;

- **Специјалистички сертификат** - Диплома за завршено неформално стручно едногодишно образование согласно European Quality Assurance for Vocational Education and Training (EQAVET) – Обезбедување Европски квалитет за стручно образование и наука.

- **Можност за трансферни ЕКТС (кредити)** на формални образовни установи.

Вкупен број на часови: **100**
Настава: **ONLINE платформа за настава во живо на ZOOM.US**
Динамика на обуката:
**Level 1, 2 & 3:** два пати неделно

EBTN EUROPEAN BANKING & FINANCIAL SERVICES TRAINING ASSOCIATION Aisbl | ABIT | Institute for Business & Management HEIDELBERG Skopje | FORUM

## СОДРЖИНА НА ПРОГРАМАТА

### Level 1 | ОСНОВИ НА COMPLIANCE И ОБЛАСТИ НА COMPLIANCE

| CCS 1 - Certified Compliance Specialist, Level 1 | |
|---|---|
| | опис на час |
| 1 | Вовед, историја и дефиниции |
| 2 | Насоки и цели |
| 3 | Compliance ризик |
| 4 | Compliance ризик |
| 5 | Базелски Принципи |
| 6 | Базелски принципи |
| 7 | Профил на Compliance Officer |
| 8 | Профил на Complianve Officer |
| 9 | Функција на Compliance Officer |
| 10 | Функција на Compliance Officer |
| 11 | Воспоставување на Compliance функција |
| 12 | Воспоставување на Compliance функција |

### Level 2 | COMPLIANCE FUNCTION

| CCS 2 - Certified Compliance Specialist, Level 2 | |
|---|---|
| | опис на час |
| 1 | Основи на Compliance функцијата |
| 2 | Одговорности, права и обврски |
| 3 | Управување со Compliance функцијата |
| 4 | Организација на Compliance функцијата – практична примена и менаџирање |
| 5 | Креирање на политики и процедури |
| 6 | Креирање организациона шема |
| 7 | Compliance функцијата и етиката |

### Level 3 | COMPLIANCE FUNCTION ВО БАНКИТЕ И ФИНАНСИСКИТЕ ИНСТИТУЦИИ

| CCS 3 - Certified Compliance Specialist, Level 3 | |
|---|---|
| | опис на час |
| 1 | Compliance области:<br>Следење на законската и подзаконската регулатива |
| 2 | Заштита на лични податоци |
| 3 | Кодекс на етика<br>Политика на наградување |
| 4 | Следење на објави и важни податоци и информации наменети за повисокиот менаџмент |
| 5 | Спречување на перење пари и финансирање на тероризам |
| 6 | Contact point (focal point) со надворешни институции<br>Соработка со надворешни институции и регулаторни органи |
| 7 | Whistleblowing and Fraud |
| 8 | Конфликт на интереси |
| 9 | Обврски кон Надзорниот, Управниот одбор и повисокиот менаџмент<br>Репортинг – известувања во согласност со законска и подзаконска регулатива / групациски стандарди |
| 10 | Соработка со другите сектори/дирекции области на делување<br>Мониторинг на препораки од надлежни органи и известување |
| 11 | Домашни и меѓународни искуства и практики |

## СТРУКТУРА НА ПРЕДАВАЧИ:

М-р Маја Андреевска - Блажевска

Д-р Искра И. Стојановска

М-р Фросина Целеска

Игор Митровски

Васка Иванова

Олгица Спасевска

Д-р Ивица Симоновски

Александра Тасева

Глигор Пандиловски

Ирена Бачановиќ Каракашев

EBTN EUROPEAN BANKING & FINANCIAL SERVICES TRAINING ASSOCIATION Aisbl · ABIT · Institute for Business & Management HEIDELBERG Skopje · FORUM